

KONSULTANTSKI CENTAR ZA COVECKI RESURSI I ETIKA I IDEJNI RESENIJA

www.Consulting&Solution&Palenzo.mk

## PRODAZBA E SE VO ZIVOTOT

Не ја учевме на училиште. Не ја учевме на факултет. Не ни ја објаснија родителите. Толку фама околу тоа. Едни тврдат дека е во гените, а други дека нема везе - се учела од книга и било лесно. Не ја потценувајте. Се среќавате со неа на секој чекор. Затоа што ПРОДАЖБАТА Е СЀ!

Без разлика кое име ќе и доделат, без разлика како ќе го наречат оној што ќе го задолжат, голема е веројатноста дека продажбата е длабоко населена и во вашиот живот и кариера. Ако сепак го тврдите спротивното, само погледнете наоколу и прашајте се што прават сите реклами и сите медиуми. Потсетете се на некое интервју што сте го имале кога сте се вработувале. Кога ги дефинирaвте условите и платата, всушност се продававте себеси, својот памет, труд, нерви и време. Ако сте добар продавач - сте се продале подобро.

Како и да е, предлагам акција слично на оние кои ја демистифицираат сидата, плаќањето данок или полицијата. Да им се помогне на луѓето да ги отстранат рецидивите и негативностите со сѐ поврзано со продажбата генерално. И да се научат лекциите со кои ќе знаеме како да се снајдеме и како купувач и како продавач.

Продажбата е сѐ, а прашањето што преостанува е: колку ти притоа ќе заработиш?

## SITE TRABA DA IMAAT SVOJ BIZNIS

Се сѐ посилни напорите на општеството да ги мотивира и да ги помогне оние кои водат свој бизнис. Конечно се на цена иновативноста и храброста.

Како што природната селекција ги одбира најсилните, така иницијативата, истрајноста и успехот ќе ги издигнат оние кои ќе бидат водачи и лидери во бизнис светот. На останатите им остануваат неколку варијанти. Да тргнат решително и храбро и да станат дел од успешен тим. Или да бидат успешни во она што го работат, без разлика како е тоа моментално рангирано и да ја чекаат својата

прилика. И најлошото, да се предадат и да завземат некое ќоше каде ќе чекаат (неизвесна) пензија.

Не дека сите треба да имаат свој бизнис. Но самото размислување за тоа, заедно со сите обиди и научени лекции во тој процес, се важен елемент во нашето лично издигнување и личен успех.

И битно е, никогаш полесно од денес не се стартувал и водел бизнис.
Нема повеќе изговори.

Водењето на свој бизнис, особено претприемачки бизнис налага превземање на поголем од вообичаен ризик заради остварување на профит.

Во минатиот систем ризикот беше резервиран за коцкарите и шверцерите. Можеби затоа го бие лоша репутација.

Денес имаме нови играчи на теренот. Ризикуваат стална работа (ако сеуште постои таква категорија), го жртвуваат слободното време со семејствата и пријателите, и се впуштаат во прилично неистражен свет. Нема баш на кого да се огледаат и од кого да побараат совет. Од околината добиваат потсмев, се до моментот на видлив успех, кога подсмевот ќе го замени завист. Но најдобро е да не осврнуваат на околината која сеуште се води од старата: ќути си и трај си и држи се до државна служба.

Ако навистина се сака нешто повеќе во и од животот, тогаш е подобро што поскоро да се спријателите со триото: Ризик, Истрајност и Обиди-се-падни-стани-и-продолжи. Можеби дотогашното друштво: Телевизор, Карти-со-пријателите и Сабота-на-кеј ќе ви замерат што ќе го откачите, но има и цена што мора да се плати. Како што велат западњаците со најголемо искуство од водење на бизнис: No risk - no profit.

ZA SEKOJ COVEK NAJBITNOTO  VO NEGOVIOT  ZIVOT  E ?

Секој од нас има некакви приходи и некакви расходи. Ставени заедно, остатокот некогаш е позитивен, а некогаш негативен.

Но она што најчесто поминува незабележително, а е многу битно, е дали еден дел од приходите ќе го тргнеме настрана со цел покасно да го инвестираме. Секогаш може да се најде добра причина за да се потрошат. Но додека се во нашите раце, со парите можеме да направиме што сакаме.

Тие фамозни издвоени 10% прават голема разлика. Тие ги одвојуваат обичните луѓе кои само плаќаат сметки и преживуваат од оние од средната класа кои се стремат да создадат нешто во својот живот. Само преку инвестирање може да се дојде до база за креирање на вредност.

А тоа е вистинскиот пат кон постигнување на успех и благосостојба.

Без разлика на возраст и стил на живот, потребен ни е модел (пример, узор, example,...) на кого ќе се угледаме и од кого и потсвесно ќе учиме.

LIDERSTVO

Но со сите транзиции, миграции и промени кои ги доживуваме, тлото ни се изместува побрзо од нашата можност да перципираме и разбереме. Точно е дека промената е единственото што не се и нема да се промени. Но дали има нешто доволно стабилно и морално, неподложно на ерозија, за да го имаме како модел, како светилник на ова немирно море?

Верувам дека сите имаат добро мислење за себе. Да се слуша внатрешниот глас е исправно. Но само нашата спремност и моќ да пронајдеме, одбереме, послушаме и прифатиме ставови и совет од друг, може да не одведе до напредок и успех. Притоа пратете ги вашите принципи до крај, но отворете ги умовите и спремете се на промени.

Секој лидер е и добар менаџер. Но не секој менаџер е лидер.

Менаџерот се фокусира на извршување на задачите и постигнување на резултати. Го интересира ефективноста на луѓето во неговиот тим за да се постигнат резултатите.

Лидерот не е само посветен на резултатите. Тој е заинтересиран на постигнување на резултати при што во тимот се креираат и развиваат други лидери. Други лидери кои можат да го водат тимот и да ја завршат истата работа. Лидери кои се способни, посветени и на кои може да се смета.

И не само како од тимот да произлезат други лидери. Потребно е издигнување на знаењето на целиот тим и постигнување на единство во визијата околу заедничките цели.

Лидерот е најголем работник во својот тим. Луѓето знаат да го препознаат тоа и да ги пратат оние кои се лидери. Оние кои го работат тоа што го зборуваат и го зборуваат она што го работат.

Бидете искрен спрема себе си и прашајте се дали она што го знаете и што го практикувате во животот дава резултати? Дали оние кои ги почитувате и од кои учите и ги следите успеале во својот живот? Дали ви помагаат и вие да успеете? Дали знаете повеќе од оние кои се успешни? И дали сте спремни да ги обуете нивните чевли и зачекорите кон својот успех?